**Универзитет Скопје**

**Факултет за информатика**

# ИЗВЕШТАЈ
## За реализација на Годишна програма за работа на Факултетот за информатика за академската 2023/24 година

2024

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД....3
2. НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР....3
3. ПЛАН ЗА РАБОТА И КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ....4
4. НАСТАВА....7
5. НАСТАВНО-НАУЧНИ ПРАКТИКУМИ....11
6. ОБУКИ И КУРСЕВИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА....11
7. ГОСТИ – ПРЕДАВАЧИ ВО НАСТАВАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА....11
8. ОДБОРИ ЗА ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА....11
9. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ....12
10. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....12
11. ПРАКТИЧНА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ....14
12. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ....14
13. АКТИВНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ....15

# 1. ВОВЕД

Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на Факултетот за информатика е изготвен врз база на Годишната програма.

Со оглед на степенот на реализација на програмските цели, може да се констатира дека истите се реализирани во најголем дел. Одреден број активности останале нереализирани, поради објективни причини кои не зависеле од носителите на програмата, што може да се види од наративниот дел на Извештајот.

Исто така, Факултетот непречено ги реализира активностите чија реализација не е семестрално детерминирана и нема поголеми пречки или застои во реализација на тие активности.

# 2. НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

Факултетот за информатика има стручен и компетентен наставен и соработнички кадар кој ја реализираше наставата во есенскиот семестар во академската 2024/25 година.

Табела бр. 1: Наставен кадар што ја изведуваше наставата

| | |
|---|---|
| 1. | Проф. д-р Лидија Горачинова |
| 2. | Проф. д-р Симе Арсеновски |
| 3. | Проф. д-р Биљана Стојчевска |
| 4. | Проф. д-р Тони Малиновски |
| 5. | Проф. д-р Наташа Ристовска |
| 6. | Проф. д-р Александра Стоилковска |
| 7. | Проф. д-р Дејан Наковски |
| 8. | Проф. д-р Јана Илиева |
| 9. | Проф. д-р Валентина Палевска-Муцунска |
| 10. | Доц. д-р Ана Секуловска |
| 11. | Доц. д-р Весна Милевска |
| 12. | Доц. д-р Гордана Серафимовиќ |
| 13. | Доц. д-р Гојарт Камбери |

## 3. ПЛАН ЗА РАБОТА И КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ

Наставата на Факутлетот за информатика во текот на есенскиот семестар целосно е реализирана и спроведена според претходно усвоениот План за работа и активности во академската 2023/24 година.

**ПЛАН ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ ВО АКАДЕМСКАТА 2023/2024 год.**
**ЕСЕНСКИ СЕМЕСТАР**

02.10.2023 ПРВ СВЕЧЕН АКАДЕМСКИ ЧАС

I СЕДМИЦА: 02-06. 10. 2023 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
I ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

II СЕДМИЦА: 09-13. 10. 2023 год (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
II ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

III СЕДМИЦА:16-20.10. 2023 год ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
III ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) и консултации со Вонредни студенти (I, II и III тема)

IV СЕДМИЦА: 24-27.10 2023 год. (ВТОРНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ПРВ КОЛОКВИУМ- Редовни студенти и полагање I КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти

V СЕДМИЦА: 30.10-03. 11. 2023 год.. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
I КОЛОКВИУМ - Редовни студенти

VI СЕДМИЦА: 06-10. 11. 2023 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
IV ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии).

VII СЕДМИЦА: 13-17.11. 2023 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
V ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)
консултации со Вонредни студенти (IV, V и VI тема)

VIII СЕДМИЦА: 20-24. 11. 2023 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
VI ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)
полагање II КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти

IX СЕДМИЦА:27.11-01. 12. 2023 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ВТОР КОЛОКВИУМ – Редовни студенти
консултации со Вонредни студенти (VII и VIII тема)

X СЕДМИЦА: 04.-08.12. 2023 год. 2023 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
VII и VIII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) и полагање III КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти

XI СЕДМИЦА:11-15.12.2023 (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ТРЕТ КОЛОКВИУМ – Редовни студенти

XII СЕДМИЦА: 18.-22.12. 2023 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ за Редовни студенти и Завршен испит за Вонредни студенти

XIII СЕДМИЦА 25-29 12.2023 (ПОНЕДЕЛНИК-ПЕТОК)
ЗАВРШЕН ИСПИТ – Редовни студенти

**ПЛАН ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ ВО АКАДЕМСКАТА 2023/2024 год.**
**ПРОЛЕТЕН СЕМЕСТАР**

I СЕДМИЦА: 12.02-16.02. 2024. год. – (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
I ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

II СЕДМИЦА: 19.02-23.02. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
II ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

III СЕДМИЦА: 26.02-01.03. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
III ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

IV СЕДМИЦА: 04.03.-08.03. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА I КОЛОКВИУМ

V СЕДМИЦА: 11.03.-15.03. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
I КОЛОКВИУМ

VI СЕДМИЦА: 18.03- 22.03. 2024 год.(ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
IV ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии).

VII СЕДМИЦА: 25.03 – 29.03.2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
V ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

VIII СЕДМИЦА: 01.04-05.04. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
VI ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

IX СЕДМИЦА: 08.04-12.04. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ВТОР КОЛОКВИУМ.

X СЕДМИЦА: 15.04 -19.04. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
ВТОР КОЛОКВИУМ

XI СЕДМИЦА: 22.04.-26.04. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
VII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

29.04 – 12.05. 2024 Пролетен распуст – Великден (05.05.2024)

XII СЕДМИЦА:13.05 - 17.05.-. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК-ПЕТОК)
VIII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

XIII СЕДМИЦА: 20.05-24.05. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
ТРЕТ КОЛОКВИУМ

XIV СЕДМИЦА: 27.05- 31.05. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ

XV СЕДМИЦА: 03.06.-07.06. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
ЗАВРШЕН ИСПИТ

XVI СЕДМИЦА: 10.06.-14.06. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)

ПОПРАВЕН ЗАВРШЕН ИСПИТ

15.06.2024 – 01.09.2024
РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДЕНТСКА ПРАКСА

17.06.2024 – 30.09.2024
ОДБРАНА НА ДИПЛОМСКИ ТРУДОВИ (ЗА РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ ПОСЛЕ ОБАВЕНА ПРАКСА И ДОСТАВЕН ДНЕВНИК ЗА ПРАКСА)

## 4. НАСТАВА

Во текот на оваа учебна година беше реалзирана настава според следното:

Четиригодишна програма на Прв циклус насока Софтверско инженерство во 2, 3 и 4 година (акредитирана 2018 година)
Четирогодишна програма на Прв циклус насока Информатика во 1 година (акредитирана 2023 година)
Едногодишна и 1 година на Двогодишна студиска програма на Втор циклус насока Информатика (акредитирана 2023)
Вора година на двогодишна програма на Втор циклус насока Софтверско инженерство (акредитирна во 2018 година)

Наставата се реализираше согласно следниот распоред на часови, на кој се гледа и ингажманот на наставниците:
Во распредите годините на студирање на студентите на втор циклус се обележани со ЧЕТВРТА и ПЕТТА.

**Распоред за предавања и вежби за есенски семестар - академска 2023/2024**

**ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРВА | **Математика 1**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Вовед во програмирање**<br>**9:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р Л. Циневски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Интернет технологии**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Професионални вештини**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р А. Секуловска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Англиски јазик 1**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Доц. д-р В.Милевска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| ВТОРА | **Оперативни системи**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски | **Дискретна математика**<br>**9:00-14:00**<br>**101**<br>Проф.д-р Л. | **Податочни структури и алгоритми**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р Л. Циневски | **Англиски јазик 2**<br>**10:00-13:00**<br>**101**<br>Доц.д-р В.Милевска | **Менаџмент-информациски системи**<br>**10:00-14:00**<br>**202** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | Горачинова<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | Проф .д-р А. Секуловска<br><br>14:00-16:00<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ТРЕТА** | **ВЕБ програмирање**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р Л. Циневски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Вештачка интелигенција**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Етички норми во информатиката**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф .д-р А. Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Софтверско инженерство**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф .д-р И. Огњановиќ<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Безбедност на КС**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф .д-р Р. Шендељ<br><br>**14:00-16:00**<br>**Консултации и лабораториска работа** |
| **ЧЕТВРТА** | **ИТ безбедносни политики и процедури**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р Ана Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Софтверски дизајн и тестирање**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф.д-р И. Огњановиќ<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Случајни процеси**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Бази на податоци 2**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф .д-р Р. Шендељ<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Проектирање на ИС**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |

## ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четвртток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЧЕТВРТА** | **Електронска и мобилна трговија**<br>**17:00-20:30** | **Право на интелектуална сопственост** | **Социјални мрежи и медиуми** | **Графика и визуелизација** | **Проектирање на ИС**<br><br>**17:00-20:30** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЕТТА** | **202**<br>Проф. д-р Ана Секуловска | **17:00-20:30**<br>**202**<br>Проф. д-р Ј. Илиева | **17:00-20:30**<br>**202**<br>Доц. Д-р В. Бошковска | **17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф .д-р Л. Циневски | **202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски |
| | **Напредно софтверско инженерство**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски | **Современ менаџмент**<br><br>**17:00-20:30**<br>**101**<br>Проф. Д-р Н. Ристовска | **Методологија на истражување**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Доц. д-р А. Секуловска | **Надежност и перформанси на КС**<br>**17:00-20:30**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски | **Теорија на информации и кодирање**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф.д-р Л. Горачинова |
| **ПЕТТА (2018)** | **Моделирање и симулации**<br>**17:00-20:30**<br>**101**<br><br>Проф.д-р Л. Горачинова | **Процесирање на природни јазици**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски | **Истражувачки техники и академско пишување**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Доц. д-р А. Секуловска | **Напредно софтверско инженерство**<br>**17:00-20:30**<br>**101**<br>Проф. д-р И. Огњановиќ | **Теорија на информации и криптографија**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф.д-р Л. Горачинова |

**Распоред за предавања и вежби за пролетен семестар - академска 2023/2024**

**ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРВА** | **Дискретна математика**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф. д-р Л. Горачинова<br><br>**14:00-16:00** | **Објектно-ориентирано програмирање**<br>**9:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и | **Веб и мултимедија**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф. д-р И.Огњановиќ<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и | **Архитектура на компјутерски системи**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и | **Англиски јазик 2**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Доц. д-р В. Милевска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВТОРА** | Консултации и лабораториска работа | лабораториска работа | лабораториска работа | лабораториска работа | |
| | **Бази на податоци**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р Р. Шендељ<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Проектен менаџмент**<br>**10:00-13:00**<br>**101**<br>Доц. д-р В. Бошковска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Визуелно програмирање**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Комјутерски мрежи**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р Р .Шендељ<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Веројатност и статистика**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ТРЕТА** | **Менаџмент на настани**<br>**10:00-13:00**<br>**101**<br>Проф. д-р В. Палевска-Муцунска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Е-комерц**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р А. Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Дистрибуирани компјутерски системи**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Пресметување со високи перформанси**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф. д-р Л. Циневски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Напредни алгоритми**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф. д-р И. Огњановиќ<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ЧЕТВРТА** | **Виртуелни општества**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р А. Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Теорија на системи**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф. д-р С. Арсеновски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Операциони истражувања**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р Л. Горачинова<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Бренд менаџмент**<br>**10:00-13:00**<br>**103**<br>Проф. д-р Д. Блажевска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | |

## ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЧЕТВРТА** | **Неструктурирани бази на податоци**<br>**17:00-21:00**<br>**201**<br>Проф. д-р Р. Шендељ | **Управување со ИКТ проекти**<br><br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф. д-р А. Секуловска | **Веројатност и статистика за инженери**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Горачинова | **Динамика на софтвер**<br><br>**17:00-21:00**<br>**201**<br>Проф .д-р Л. Циневски | **Наука за податоци**<br><br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф .д-р С. Арсеновски |
| **ПЕТТА (стара програма)** | **Системска анализа и дизајн**<br>**17:00-20:15**<br>**202**<br>Проф. Д-р Л. Циневски | **Современ менаџмент**<br>**17:00-19:30**<br>**101**<br><br>Проф. Д-р Н.Ристовска | | | |

# 5. ГОСТИ – ПРЕДАВАЧИ ВО НАСТАВАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА

Во организација на факултетот беа организирани две гостински предавања:

- Д-р Славко Видовиќ, сосптвеник на ИнфДом од Хрватска – гостинското предавање на тема „Искуства од дигиталната трансформација на Хрватска" понуди системска анализа на институционалните, технолошките и регулаторните аспекти на процесот на дигитална модернизација на јавниот сектор и економијата. Во рамки на предавањето беа разгледани стратегиските документи и реформските чекори иницирани од страна на Владата на Република Хрватска, со посебен осврт на воспоставувањето на централизирани дигитални услуги преку платформата e-Građani, која овозможува пристап до административни услуги, лични документи, здравствени и образовни податоци во електронска форма. Беа анализирани и улогата на Ministarstvo pravosuđa i uprave во координацијата на реформите, како и влијанието на европските фондови и регулативи врз процесот на дигитална интеграција. Предавањето ги опфати и предизвиците поврзани со интероперабилноста на системите, сајбер-безбедноста, заштитата на личните податоци и потребата од континуирана едукација на јавната администрација. Особено беше потенцирано значењето на националните дигитални идентитети, електронските потписи и централизираните регистри како темел за ефикасна и транспарентна јавна управа. Студентите добија увид во конкретни примери на трансформација на јавните услуги, намалување на административните бариери и подобрување на корисничкото искуство, при што беше нагласена важноста од долгорочна стратегија, политичка поддршка и техничка експертиза. Ваквата анализа овозможува критичко разбирање на дигиталната трансформација како комплексен процес кој ги интегрира технологијата, управувањето и општествената доверба во институциите.
- Стефан Јакимовски, успешен фриленсер - Гостинското предавање на тема „Бизнис-анализа на ИТ продукти и работа како freelancer" беше насочено кон поврзување на техничкото знаење со пазарната логика и индивидуалните модели на професионално ангажирање во дигиталната економија. Во рамки на предавањето беа обработени клучните аспекти на бизнис-анализата на ИТ продукти, вклучително дефинирање на вредносна понуда (value proposition), анализа на целни пазари, идентификација на кориснички потреби, изработка на business model canvas, како и проценка на одржливост и скалабилност на дигитални решенија. Посебен акцент беше ставен на методологиите за управување со продукт (product management), agile-пристапи и минимално одржлив производ (MVP), како и на аналитички алатки за мерење на перформанси и корисничко однесување. Во делот посветен на freelance-моделот, беа анализирани платформите како Upwork, Fiverr и Toptal, со осврт на позиционирање на индивидуалниот бренд, управување со клиенти, договарање проекти, правни и даночни аспекти, како и градење долгорочна професионална репутација. Студентите добија практичен увид во тоа како ИТ-експертите можат да ја комбинираат техничката експертиза со претприемачки пристап, развивајќи сопствени дигитални продукти или нудејќи специјализирани услуги на глобалниот

пазар. Предавањето придонесе кон развој на деловно размислување, финансиска писменост и стратегиско планирање, со што се поттикнува автономност и професионална адаптабилност во современото динамично ИТ-опкружување.

## 6. ОДБОРИ ЗА ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА

Одборот за доверба со јавноста на Факултетот за информатика функционира како советодавно тело составено од професионалци од информатичката индустрија но и конзументи на ИТ услуги. Во академската 2023/2024 година се одржаа два состаноци – по еден во секој семестар – на кои се дискутираа актуелни предизвици и трендови во ИКТ индустријата.

На есенскиот состанок, Одборот разгледуваше прашања поврзани со научните и развојните проекти на Факултетот за информатика, со посебен осврт на можностите за учество во проекти финансирани од различни извори, вклучително национални фондови, програми на Европската Унија и други меѓународни и глобални финансиски инструменти. Во воведната дискусија беше истакнато дека ваквите проекти претставуваат значаен механизам за јакнење на научно-истражувачкиот капацитет, интернационализација и институционален развој на Факултетот. Во текот на дискусијата, членовите на Одборот нагласија дека учеството во научни проекти од пошироки фондови овозможува не само финансиска поддршка, туку и пристап до меѓународни истражувачки мрежи, размена на знаења и следење на современи научни и технолошки трендови. Беше истакнато дека ваквите проекти придонесуваат кон зголемена видливост и кредибилитет на институцијата во национален и меѓународен контекст. Истовремено, беше укажано на потребата од систематски пристап кон идентификација на релевантни повици, како и од јакнење на административните и проектните капацитети за подготовка и имплементација на вакви проекти. Врз основа на изнесените согледувања, Одборот усвои препорака да се поттикне и унапреди вклучувањето на Факултетот за информатика во научни и развојни проекти финансирани од национални, европски и глобални фондови. Беше нагласено дека е потребно стратешко планирање, поддршка на наставниот и истражувачкиот кадар и промоција на проектните активности, со цел зголемување на реалниот научен придонес и одржливиот развој на Факултетот. Усвоената препорака беше доставена за понатамошно разгледување и постапување.

На пролетанта седница, Одборот разгледуваше прашања поврзани со професионалното учење, краткорочните курсеви и специјализираните академии како форма на континуирана едукација, имајќи ги предвид потребите на ИТ индустријата и поширокото општество. Во воведната дискусија беше истакнато дека брзиот и динамичен развој на технологиите, особено во областа на дигитализацијата и информатиката, создава постојана потреба од нови знаења и вештини. Членовите на Одборот нагласија дека постои јаз помеѓу брзината со која се менуваат технолошките трендови и способноста на вработените навремено да ги следат и применуваат тие промени. Во текот на дискусијата беше констатирано дека постојните форми на формално образование не секогаш можат доволно брзо да одговорат на конкретните и актуелни потреби на индустријата, што отвора простор за развој на флексибилни и практично ориентирани модели на професионално учење. Членовите укажаа дека курсевите, обуките и академиите можат да претставуваат ефикасен механизам за надградба на знаењата и за брза преквалификација или дообука на кадарот. Особено беше нагласена важноста на примена на современи технологии, како што е вештачката

интелигенција, и нивната интеграција во содржините и методологиите на професионалното учење. Врз основа на изнесените согледувања, Одборот усвои препорака да се размисли и концептуализира соодветен модел за развој на дејноста на професионално учење на Факултетот за информатика, преку курсеви, академии и други форми на континуирана едукација. При тоа, беше нагласено дека моделот треба да биде флексибилен, ориентиран кон потребите на индустријата и општеството, со посебен акцент на практичната примена на вештачката интелигенција и други напредни технологии. Усвоената препорака ќе биде доставена до надлежните органи на Факултетот за понатамошно разгледување и постапување.

Членовите на Одборот дадоа и други корисни препораки за унапредување на практичната настава и зајакнување на поврзаноста со индустријата, но и сериозен импак за креирање професионални компоненти ва образование во рамките на Факлутетот за информатика Исто така беа реафирмирани и иницирани одделни идеи за заеднички истражувања и вклучување на студентите во реални проекти. Одборот продолжува да игра значајна улога во подобрување на квалитетот на образованието и подготовката на студентите за пазарот на труд.

## 7. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во текот на академската 2023/24 година, дел од наставниот кадар на Факултетот за информатика активно придонесе во развојот на научната мисла преку објавување научни трудови во релевантни меѓународни и домашни научни списанија, како и преку учество на научни конференции. Следува преглед на објавените трудови и конференциските излагања:

**Објавени во списанија**

- Leonid Djinevski, ChatGPT Influence in Work Environment of IT Companies in Macedonia., Knowledge – International Journal, Vol. 65
- Leonid Djinevski, Comparative Overview of Interoperability in Distributed Medical Systems through Data Exchange Standards in Macedonia, USA and Australia Regarding Health Providers and Insurance Agencies., UTMS Journal of Economics, Vol. 15, No. 1 (241-252), June, 2024
- Kara, P.A.; Ognjanovic, I.;Hölscher, D.; Šćekić, L; Kovacevic, P.; Mantas, J.; Šendelj, R.;Laković, L;Maksimovic. A, Human-Centric Digitization in Montenegro: Progress through 17 Years of National Independence and Future Trends, Electronics 2024, 13, 2460. https://doi.org/10.3390/electronics1313 2460
- Blazheska Daliborka, Angela Milenkovska Klimoska and Viktorija Trajkov, The effectiveness of social media marketing on purchasing decisions, UTMS Journal of Economics, Vol. 15 No. 1 (pp. 27–38), Juner 2024 (EBSCO).
- Blazeska Daliborka PhD, Ristovska Natasha PhD, The effects of influencer marketing on increasing brand awareness, ICON BEST 2024 - International Conference for Business, Education Sport and Tourism, The 9th International Scientific CongressShaping the Future: Trends and Insights for Tomorrow,
- Biljana Balabanova PhD, Verica Ilieva PhD, Sasa Mitrev PhD, Natasha Ristovska PhD, Blagoja Mukanov MSc, Viktorija Jankuloska PhD, Ilija Pop Stefanija MSc, Jovana Milosavljeva MSc., Comparative Cost Analysis of Soil Carbon Determination using TOC Analyzer vs Walkley-Black Method., Journal of

Agriculture and Plant Sciences, JAPS, Vol 22, No. 2, 2024 (pp.15-24), doi: https://doi.org/10.46763/JAPS2422215b.

- Leonid Djinevski and Sime Arsenovski, Comparative Overview of Interoperability in Distributed Medical Systems Through Data Exchange Standards in Macedonia, USA and Australia Regarding Health Providers and Insurance Agencies., UTMS Journal of Economics 15(1): 64–70.
- Valentina Mucunska Palevska, Viktorija Trajkov and Angela Milenkovska Klimoska, The Relationship Between Investment in Digital Branding and Global Competitiveness, UTMS Journal of Economics, University Sko pje, Skopje, Macedonia, vol. 15(1), pages 87–98, 2024
- Valentina Mucunska Palevska, Eleonora Stojkovska, The influence of sensory branding on brand image creation as a function of building emotional relationship and loyalty to the brand, International Congress For Business, Education, Sport And Tourism, ICON BEST 2024, University Skopje, Skopje, 2024
- Jana Ilieva, Aleksandra Stoilkovska and Aco Todosovski, Enhancing Workplace Environment by Addressing Mobbing: Impacts on Motivation and Productivity, UTMS Journal of Economics 15(1): 54– 63.
- Aleksandra Stoilkovska, PhD, Marija Apostolova Nikolovska, PhD, Gordana Serafimovic, PhD, Mentoring of Employees Aimed at Increased Enterprise Efficiency, UTMS Journal of Economics 15(1): 39-53 2024 ISSN 1857-6974
- Blagoj Conev and Jana Ilieva, GEO-ECONOMICAL AND GEOPOLITICAL (GEOSTRATEGIC) IMPLICATION FROM THE WAR IN UKRAINE ON THE BLACK SEA AND SOUTHEAST EUROPEAN REGIONS, UTMS Journal of Economics 15(1): 22–26.

**Научни конференции**

- V. M. Palevska, , Impact of Digital PR on Creating Competitive Online Brand Positioning, International Conference ICON BEST 2024, University Skopje, Skopje
- Vera Boškovska, Borče Sibinovski, THE IMPACT OF ARTIFICIAL INTELLIGENCE ONGLOBAL BANKING: CURRENT CHALLENGES AND FUTURES PROSPECTS, ICON BEST 2024 - International Conference for Business, Education Sport and Tourism, The 9th International Scientific CongressShaping the Future: Trends and Insights for Tomorrow,
- Blazeska Daliborka PhD, Ristovska Natasha PhD, The effects of influencer marketing on increasing brand awareness, ICON BEST 2024 - International Conference for Business, Education Sport and Tourism, The 9th International Scientific CongressShaping the Future: Trends and Insights for Tomorrow,
- Pehcevski J., Arsenovski S., Djinevski L., Agentic RAG on Dell AI Factory with NVIDIA_ A Comprehensive Analysis, ICONBEST2024, SHAPING THE FUTURE: TRENDS AND INSIGHTS FOR TOMORROW, 18 November, 2024, University of Skopje, Skopje, Republic of North Macedonia.
- Blazheska Daliborka, Angela Milenkovska Klimoska and Viktorija Trajkov, The effectiveness of social media marketing on purchasing decisions, UTMS Journal of Economics, Vol. 15 No. 1 (pp. 27–38), Juner 2024 (EBSCO).

- Aleksandra Stoilkovska, PhD, Violeta Milenkovska, PhD, Gordana Serafimovic, PhD, Application of Hybrid Work According to The Needs of Different Generational Groups, International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, 2024 Shaping the Future: Trends and Insights for Tomorrow ISBN-13 978-608-4593-51-5
- Ana Sekulovska Jovkovska Andrijana Bogdanovska Djurovic Irena Bacanovic Karakasev, ASSESSING THE QUALITY OF E-SERVICES FOR CITIZENS IN MACEDONIA: LONG-TERM SOCIETAL IMPACTS AND FUTURE PROSPECTS Karakasev, International Congress For Business, Education, Sport And Tourism, ICON BEST 2024, University Skopje, Skopje, 2024
- Blazeska Daliborka PhD, Ristovska Natasha PhD, The effects of influencer marketing on increasing brand awareness, ICON BEST 2024 - International Conference for Business, Education Sport and Tourism, The 9th International Scientific CongressShaping the Future: Trends and Insights for Tomorrow,
- Kiril Djolev, Leonid Djinevski Sime Arsenovski, CHALLENGES OF AGILE METHODOLOGIES IN ADDRESSING HIGH-SEVERITY ISSUES IN INFORMATION SYSTEMS DEVELOPMENT, International Congress For Business, Education, Sport And Tourism, ICON BEST 2024, University Skopje, Skopje, 2024
- Lameva B., Arsenovski S., Pehcevski J., The influence of the use of digital devices on the results of the PISA test in North Macedonia, ICONBEST2024, SHAPING THE FUTURE: TRENDS AND INSIGHTS FOR TOMORROW, 18 November, 2024, University of Skopje, Skopje, Republic of North Macedonia.
- Sime Arsenovski Lidija Gorachinova – Ilieva, Leonid Djinevski, CONTRIBUTION TO DIGITAL TRANSFORMATION OF HIGHER EDUCATION IN RSM Sime Arsenovski, International Congress For Business, Education, Sport And Tourism, ICON BEST 2024, University Skopje, Skopje, 2024
- Ana Jovkovska, DISINFORMATION AND DIGITAL TRANSFORMATION: IMPLICATIONS FOR THE EUROPEAN INTEGRATION OF NORTH MACEDONIA, Annual International Scientific Conference, Faculty for Low, University “St. Kliment Ohridski” - Bitola
- Ana Sekulovska Jovkovska Andrijana Bogdanovska Djurovic Irena Bacanovic Karakasev, ENHANCING DIGITAL TRANSFORMATION: BRIDGING GAPS IN E-SERVICES FOR BUSINESS GROWTH IN NORTH MACEDONIA, International Congress For Business, Education, Sport And Tourism, ICON BEST 2024, University Skopje, Skopje, 2024
- Ristovska Natasha PhD, Blazeska Daliborka PhD, Gramatnikovski Sashko PhD, The Influence of Covid-19 Pandemic on the Global Business Trends and Management Practices, ICON BEST 2024 - International Conference for Business, Education Sport and Tourism, The 9th International Scientific CongressShaping the Future: Trends and Insights for Tomorrow, University of Skopje, 18th of October 2024, Skopje, Republic of North Macedonia
- Djejlan Mehmed, Ana Sekulovska – Jovkovska, EXPLORING THE ROLE OF GENERATIVE ARTIFICIAL INTELLIGENCE IN HIGHER EDUCATION, International Congress For Business, Education, Sport And Tourism, ICON BEST 2024, University Skopje, Skopje, 2024
- Milevska, Vesna, The Connection Between English Language Skills and Computer Programming, University Skopje, ICON BEST 2024 – International Congress for

Business, Education, Sport and Tourism, The 9th International Scientific Congress: Shaping the Future – Trends and Insights for Tomorrow

- Lidija Gorachinova-Ilieva, MODEL FOR AWARDING ACADEMIC TITLES IN THE HIGHER EDUCATION INSTITUTIONS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA, International Congress For Business, Education, Sport And Tourism, ICON BEST 2024, University Skopje, Skopje, 2024

## 8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во академската 2023/2024 година, Факултетот за информатика продолжи со успешно проширување и продлабочување на својата меѓународна активност, фокусирана на мобилност на студенти и академски кадар, развој на нови партнерства и усогласување со европските и глобалните стандарди за високо образование.

- **Учество во програмата Еразмус+**

Преку учество во програмата Еразмус+ на Европската Унија, факултетот поттикна значајно зголемување на бројот на студентски размени за студирање и стручна пракса во универзитети и институции од ЕУ. Реализирана беше и академска мобилност на наставен кадар за предавање и професионално усовршување во партнер институции.

Во текот на академската година се склучија нови билатерални договори за соработка со универзитети од Бугарија, Полска и Грција, што овозможи поширок спектар на можности за студентите и професорите. Дополнително, факултетот организираше подготвителни работилници и курсеви по англиски и француски јазик, наменети за студентите кои се пријавуваат за мобилност, како и информативни сесии за постапката и поддршката при аплицирање.

- **Јакнење на соработката со универзитети од Европската унија**

Факултетот активно работеше на унапредување на институционалната и академската соработка со универзитети од Европската унија преку заеднички академски иницијативи.

Во таа насока беше реализиран онлајн семинар на тема „Иновации и одржливост во урбаниот информатика“, во соработка со партнери од Словенија, Полска и Холандија. Дополнително, студентите имаа можност да следат дигитален курс од 40 часа на тема “Enterprise Management in Tourism“, достапен за учесници од УТМС и меѓународните партнерски институции.

Во текот на годината беа подготвени нови меморандуми за разбирање со универзитети од Чешка, Грција и Италија, со кои се предвидува воспоставување на двонасочна студентска и академска размена од академската 2024/2025 година. Активностите имаа за цел проширување на интернационалната академска мрежа и зголемување на интеркултурниот капацитет на студентите.

- **Упис на странски студенти**

Факултетот за информатика во академската 2023/2024 година посвети особено внимание на привлекување странски студенти, со акцент на регионот на Западен Балкан, Турција и Централна Азија.

Обезбедена беше персонализирана административна и менторска поддршка за апликантите, од првата комуникација до финалниот упис. Организирани беа инфо-сесии

и онлајн консултации на англиски јазик, со цел подобра информираност и мотивација кај потенцијалните кандидати.

Во функција на подобра адаптација, воведен беше “buddy“ систем, преку кој новите странски студенти добиваат помош од свои колеги. Покрај тоа, дел од наставата беше понуден и на англиски јазик, во согласност со потребите на странските студенти, што ја зголеми пристапноста и интернационалниот карактер на студиските програми.

Реализираните активности во академската 2023/2024 година ја потврдуваат јасната определба на Факултетот за информатика кон интернационализација, мобилност, академска размена и поврзување со европската образовна мрежа. Преку успешно реализирани мобилности, нови партнерства и зголемен интерес од страна на странски студенти, се зајакна интернационалната препознатливост на факултетот и се поставија темели за уште посилна меѓународна соработка во наредните академски години.

- **Подготовки за реакредитација на UNWTO.TedQual**

Во текот на академската 2023/2024 година, Факултетот за туризам при УТМС започна со систематски активности за подготовка на досие за повторна акредитација според стандардите на Светската туристичка организација (UNWTO), преку програмата TedQual. Активностите беа насочени кон ревизија, унапредување и институционално усогласување со меѓународните критериуми за квалитет во високото туристичко образование.

Реализирани беа следните клучни чекори:

- Извршена е детална анализа и ревизија на студиските програми, при што содржината, целите и исходите на учење се усогласија со барањата на TedQual;
- Воспоставени се подобрени механизми за следење, евалуација и квалитативно унапредување на наставата и практичната обука на студентите;
- Подготвена е систематизирана интерна документација, вклучително и извештаи за секоја наставна компонента, поддржувачки служби и партнерски организации;
- Организирани се обуки за академски и административен кадар, со цел целосно запознавање со стандардите и процедурите на TedQual, како и со процесот на самоевалуација.
- Овие активности претставуваат основа за успешно завршување на процесот на реакредитација, со цел продолжување на меѓународното признание на факултетот и потврда на неговата посветеност кон квалитет, иновативност и глобална академска конкурентност.

Факултетот за информатика во оваа процедура учествуваше како набљудувач со цел аплицирање на образовните технологии и искуства од оваа акредитациска постапка во своите активност.

## 9. ПРАКТИЧНА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ

Главен белег на Факултетот за информатика останува практичната работа како суштински дел од образовниот процес, со фокус на искуствено учење и стекнување применливи знаења и вештини. Студентите, согласно наставниот курикулум и

Правилникот за практична настава, задолжително изведуваат практична работа со времетраење од најмалку 30 работни дена за време на своите студии, со поддршка на Центарот за кариера при УТМС.

Праксата ќе се одвива 30 работни дена, во два циклуса: за време на летна пракса (јуни–август 2025). Студентите праксата ја реализираа индивидуално.

Праксата се одвива 30 работни дена, во два циклуса: за време на летна пракса (јуни–август 2025). Студентите праксата ја реализираа индивидуално во следните компании:

- BMB, Скопје
- Educom, Скопје
- Edusoft, Скопје
- GDI, Скопје
- Neocom, Скопје
- Semos, Скопје
- Tessa, Скопје
- Адопт Интелигенс, Скопје
- Semos, Скопје
- Tessa, Скопје
- Adopte Inteligence, Скопје

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Промотивните активности на Факултетот за информатика за академската 2023/24 година се реализираа во координација со универзитетските промотивни планови и стратегија за видливост на УТМС. Активностите се организираа континуирано во текот на целата академска година, со цел да се засили видливоста на Факултетот, да се промовираат студиските програми и истовремено да се зајакне улогата на туризмот како значаен фактор за одржлив развој и економски напредок.

Факултетот реализираше присуство на:

- саеми за образование
- отворени денови за средношколци,
- медиумски гостувања и интервјуа,
- дигитални кампањи преку социјални мрежи и веб-платформи,
- јавни трибини и тематски форуми поврзани со туризмот.

Факултетот за информатика при УТМС активно учествуваше во глобалната кампања на UNWTO – Tourism and Green Investments, промовирајќи го туризмот како двигател на одржлив развој. По тој повод, на 27 септември 2023 година пред Универзитет „Скопје" се одржа гала настан со присуство на клучни чинители од туристичката индустрија во Македонија. Настанот вклучуваше обраќања, студентски

презентации, изложби на еко-иницијативи и културна програма. Промотивните активности беа дел од годишната стратегија за унапредување на видливоста и влијанието на факултетот. Настанот остави силен впечаток и ја зацврсти улогата на факултетот како активен учесник во меѓународните образовни и туристички иницијативи.

## 11. АКТИВНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Мај 2024 | ОБРАЗОВНО РАНДЕВУ 2024: УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ПОВТОРНО СО 13 СТИПЕНДИИ ЗА НАЈДОБРИТЕ! https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2581-obrazovno-randevu-2024-univerzitetot-skopje-povtorno-so-13-stipendii-za-najdobrite |
| Март 2024 | ДЕЛЕГАЦИЈА ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ И ПОШТИ ВО СОФИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА МОБИЛНОСТ НА ЕРАЗМУС https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2556-delegacija-od-univerzitetot-skopje-vo-rabotna-poseta-na-univerzitetot-za-telekomunikacii-i-poshti-vo-sofija-vo-ramkite-na-programata-za-mobilnost-na-erazmus |
| Декември 2023 | СТУДЕНТИТЕ ОД УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ СЕ УЧЕСНИЦИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ГАСТРОНОМСКИ НАТПРЕВАР „ГАСТРО ИСТАНБУЛ – 2023“ https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2532-2023 |
| Ноември 2023 | ОБРАЗОВАНИЕТО - ПАТОКАЗ ВО ЖИВОТОТ https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2520-obrazovanieto-patokaz-vo-zhivotot |
| Ноември 2023 | 2 ЗЛАТНИ И 4 БРОНЗЕНИ МЕДАЛИ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УТМС НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ФЕСТИВАЛ „GASTRO ANTALYA” https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2521-2-4-gastro-antalya |
| Септември 2023 | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ СО УШТЕ ЕДНО ДРЖАВНО ПРИЗНАНИЕ ЗА СВОЈАТА ПОСВЕТЕНОСТ НА АКАДЕМСКА ИЗВОНРЕДНОСТ И ИНОВАЦИИ https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2494-univerzitet-skopje-so-ushte-edno-drzhavno-priznanie-za-svojata-posvetenost-na-akademska-izvonrednost-i-inovacii |

Факултет за информатика
Декан
Проф. д-р Лидија Горачинова Илиева